**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-561/2
16.10.2019 год.
Тетово

# ООУ„Исмаил Ќемали“ с.Нераште- Теарце

Конечен извештај од извршена интегрална евалуација

| | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 14-16. 10.2019 година |
| **Број на извештај:** | 14 /2019/ Полошки регион |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Јашар Касами |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | / |
| **Основач на училиштето:** | Општина Теарце |
| **Наставен јазик:** | албански |
| **Број на ученици:** | 256 |
| **Полова структура на ученици:** | М 136, ж 120 |
| **Број на наставници:** | 30 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Абдула Џафери |
| **Директор на училиштето:** | Шпенд Шаќири |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 28 - 30 септември, 2016 година |
| **Адреса на училиштето:** | С.Нераште општина -Теарце |
| **Телефон:** | 044/345-386 |
| **Факс:** | 044/345-386 |
| **e-mail:** | Ismail_qemali@hotmail.com |
| **Оценка ИЕ** | Добро (3.07) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015 и 30/2016) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## Резиме

СогласноЗаконот за Просветна инспекција,Законот за основното образование и Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат ,од 14-16 октомври, 2019 година, тим од државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Исмаил Ќемали “с.Нераште, општина Теарце.

Од севкупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Исмаил Ќемали“-с.Нераште,општина Теарце, е добра[1](3.07)

Воспитно образовната работа во ООУ„Исмаил Ќемали„-с.Нераште,се реализира според наставни планови и програми за основното образование. Наставата се реализира на албански наставен јазик.

Реализацијата на наставните планови и програми е добра. Отстапување во реализација на наставните програми има по предметот физичко и задравствено образование,поради несодветни услови за реализација на наставата (адаптирана фискултурна сала).

Постапката за избор, на изборни предмети од наставниот план се применува со почитување на потребите и барањата на учениците.

Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите со цел на запознавање на учениците и родителите со наставниот план односно списокот на задолжителните и изборни предмети кои се изучуваат во училиштето.

Во училиштето има формиран тим за училишна интеграција за период од три години. Изготвена е Програма за мултиетничка интеграција во образованието и План за активности.Континуирано се реализира договор за партнертво со ООУ„Гоце Делчев“ општина Штип.

Во годишните планирања наставниците имаат планирани содржини со кои се третира мултикултуралната сензитивност најчесто во општествените предмети.

Планирањето и реализацијата на слободните ученички активности во училиштето ги задоволуваат потребите и интересите на учениците а се планираат од наставници кои се задолжени според наставниот план. Има примери за учество и постигнати добри резултати на училишни, општински, регионални и државни натпревари.

Постигањата на учениците по учебни години забележуваат пораст: средниот успех на ниво на училиштето на крајот на учебната 2016/17 год. е 3.63. Во 2017/18 год. средниот успех на ниво на училиштето е 3.71. Во учебна 2018/19 год. среден успех на ниво на училиште е 3.80

Реализацијата на наставата е добра.И понатаму наставата по наставниот предмет физичко и здравствено образование не може да се реализира оптимално ,бидејќи училиштето нема соодветна фискултурна сала, има адаптирана спортка сала,недоволно опремена со спортски реквизити.Училиштето има уредени надворешен спортски терен.

Наставниците на почетокот на наставната година изготвиле глобални ,тематски процесни планирања и истите ги доставиле до директорот односно стручната служба.
Во нивните планирања имаат интегрирано еколошки содржини како и мултикултурализам.

Во изминатиот тригодишен период учениците од училиштето учествувале на регионални и државни натпревари при што и постигнале и добри резултати.

За учениците кои имаат потешкотии во учењето,училиштето има формиранУчилишен инклузивен тим и индивидуални инклузивни тимови.Поголемиот

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

број наставници во редовната настава обезбедуваат подршка за учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите наставни предмети за учениците кои потешко напредуваат во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.

Поголем број на планирања на наставниците за наставен час ги содржуваат потребните насоки во очекувањата што треба учениците да научат. Кај помал број на наставници, во планирањата се сретнуваат елементи кои не одговараат на планираните активности или планираните форми а методите и техники се еднообразни за повеќе типови на час.

Наставата се реализира според распоред на часови-изготвен според просторните капацитети и кадровските можности.Во склоп на распоредот на часови планирани се и останатите активности на додатна,дополнителна настава како и слободните ученички активности и други активности Во наставниот процес, поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи за постигнување на поголеми резултати во наставата и другите вонаставни активности.Поголем број на наставници за реализација на наставата користат разни приоди што придонесува за развивање на индивидалните способности за учење на секој ученик, критичкото мислење, креативноста, преземање на одговорност и решавање проблеми.

Кај поголемиот број наставници, интеракција наставник – ученик и интеракцијата ученик-ученик е добра . Примена на ИКТ во наставата задоволува.

Како потешкотија во реализацијата на наставата се наведува дека поголемиот дел од учебниците се оштетени од причина што истите се користат повеќе години и дека одрденини учебници во училиштето се доставуваат со големо задоцнување.

Оценувањето се врши врз основа на стандарди и критериуми за оценување изготвени по секој наставен предмет со кои учениците и родителите се запознаени. Поголем број наставници ги вклучуваат учениците во оценувањето.

Проектот по екологија (Еко проектор)се реализира континуирано според планираните активности и динамика а вклученоста на учениците е голема.

Училишниот простор и околината на училиштето се безбедни.Проблематично прашање кое се повлекува со децении претставува утврдувањето на сопственоста на училишниот двор односно,на целата површина во која сега се наоѓа училиштето.Поради ваква состојба,во училиштето не можат да се рализираат и инвестиционите проекти ниту да се изгради фискултурна сала.

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар со исклучок на одрдени часови по одредени предмети кои со даставен кадар се дополнуваат од други училишта во општинат Теарце.

Севкупната грижа за учениците и хигиената во училиштето е добра. Училиштето има план за постапување при елементарни непогоди. Училиштето води добра политика и се превземаат активности за ненасилство. Се реализираат активности за информирање на учениците за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија.

Конституирањето и работата на Училишниот одбор е во согласност со Законот и Деловникот за работа на училишниот одбор. При донесување на одлуките на УО ,постои транспарентност за сите заинтересирани структури во училиштето.Училишниот одбор има програмата и деловникот за работа.

Училиштето реализира добра соработка со локалната заедница , рамки на законските обврски и тоа во поглед на усвојување на годишниот извештај и донесување на годишната програма за работа на училиштето истотака соработката се реализира преку организираните приредби, манифестации и други активности.

Директорот и стручните соработнци во нивната работа покажуваат сериозен приод кон задачите што произлегуваат од Годишната програма за работа и другите придружни документи. Директорот успешно работи на идентификација на состојбите на кои највеќе им треба подобрување и успешно ги постигнува подобрувањата.Има подршка од наставниците и сите други вработени во училиштето за внесените новини во работењето на училиштето.

Училиштето работи согласно Законот за основно образование,во тек е усогласувањето на внатрешните подзаконска регулатива на училиштето со одредбите на новиот Закон за основното образование и со Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. Ивештајот за работата на училиштето за учебната 2018/2019 година и Годишната програма за работа за учебната 2019/2020год.уредно се донесени,согласно законската регулатива.

Училиштето има Статут за кој е добиен согласност од МОН бр. 19-15029/2 од 16.10.2014 год. За истиот,училиштето има добиена согласност за Статурна одлука за изменување и дополнување ,бр.УП1 18-1740 од 24.07.2019г.

Училиштето има изготвено Самоевалуација бр.03-61/1 од 22.03.2019 год и Програма за развој бр. 03-48/1 од 25.01.2016 год.

Директорот на училиштето има донесена Одлука за формирање на Иницијативен одбор за основање на училишен спортски клуб бр.03-106/1 од 16.09.2019г.и постапката е во тек.

Училиштето има формиран Инклузивен тим,согласно одредбите од новиот Закон за основното образование.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиште „Исмаил Ќемали“-с.Нераште,е лоцирана во с.Нераште општината Теарце.

Дејноста на училиштето е основно образование,верифицирано со Решение бр10-211/5 од 07.06.1995 год.на МОН-Скопје.со опфат на ученици од 06 до 15 годишна возраст,односно,опфат на учениците од селото Нераште, од I-IX одделение.

Наставата се реализира на албански наставен јазик.

Учебната 2019/2020 год. настава следат 256 распоредени во 17 паралелки. Дејноста се реализира во сопствен училишен објект. Училишната зграда е во релативно добра состојба.Во еден дел на училишната зграда во една просторија се организира згрижување на децата (10 деца),кои се под надзор на детската градина „Младост„-Тетово.

Наставата се реализира во 11 училници и 1 просторија-кабинет по предметот Информатика.Во рамки училишниот објект има и :адаптирана фискултурна сала,наставничка канцеларија,канцеларија за директорот,за секретарот ,мала просторија –бибиотека,мала просторија за престој на работниците по хигиена, и ВЦ простории за наставниците и учениците. Училишните просторни капацитети се користат за изведување на наставата во две наставни смени.

Ентериерот на училиштето претставува добар ,уреден,реновиран и освежен пријатен педагошки амбиент.

Училишниоте објект имаат обезбеден струја и вода и еден вид канализација .Училиштето има изготвено Годишна програма за работа и истата е усвоена од Советот на општина Теарце.

Училишниот двор е ограден , хортикултурно уреден.

Проблематично прашање кое се повлекува со децении претставува неможноста за утврдување на сопственоста на училишниот двор односно,на целата површина во која сега се наоѓа училиштето.Поради ваква состојба во училиштето, не можат да се ралризираат и инвестиционите проекти ниту да се изгради фискултурна сала.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1.**Реализација на наставните планови и програми**

ООУ „Исмаил Ќемали „ с.Нераште , општина Теарце реализира наставни планови и програми донесени од страна на Министерство за образование и наука-Биро за развој на образованието за деветгодишно образование

Реализацијата на наставните планови и програми е добра. Сите наставни планови и програми се во согласност со донесени документи од МОН- БРО.Од почтокот на оваа учебна година предметот Физичко и здравствено образование со прво одделение се реализира од соодветен наставник по ФЗО,како што пропишува но виот Закон за основно образование.

Наставниците своите глобални ,тематски,тематско-процесни и дневни планирања за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на програмите доставени од Министерство за образование и наука.Наставните планови и програми се достапни за сите наставници во училиштето. Раководниот тим на училиштето во својата архива ги има сите наставни планови и програми како за одделенска и предметна настава.

Планирањата на наставниците содржаат елементи од Програмата **„**Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“интегрирано планирање во наставата.

Во училиштето постои тесна соработка помеѓу активите од сродните предмети за изготвување на глобалните и тематските планирања.Стручните активи во училиштето функционираат и за одделенска и за предметна настава.Соработката помеѓу активните е на задоловително ниво а на задоволително ниво е и соработуваат со сите други органи (директор и педагог,секретар и специјалниот едукатор и рехабилитатор ),за сите прашања и сите активности кои се реализираат во училиштето како и за изготвување на наставните годишните планирања,тематските и оперативниот план за часот

Наставниците ги прилагодуваат наставните програми и содржини за потребите на локалната средина преку одбележување на значајни датуми, прослави, посети на саеми и др.Со помошта на специјалниот едукатор и рехабилитатор наставниците ги прилагодуваат наставните планови и програми за деца со посебни потреби и за инклузија.

Изборните предмети во училиштето се изучуваат повеќе како дополнување на часови на одредени наставници а не според желбата и потребата на учениците (иако во училиштето се врши анкетирање на учениците за изборните предмети). Во училиштето постепено се настојува да се воведат нови форми за реализација на наставата.

## 1.2.Квалитет на наставните планови и програми

Постои соработка помеѓу активите во училиштето за подготвување на глобалните,тематските и оперативниот план на наставниците,со цел за поквалитетно планирање и задоволување на потребите на учениците и барањата на Законот за основно образование. Учениците со наставни планови и програми се запознаваат преку брошури изготвени од училиштето и веб страна www.ismailqemali.info,од класните раководители, односно од наставниците на соодветните предмети, на почеток на учебната година и во текот на годината.Родителите со квалитетот на наставните планови и програми се запознаваат преку брошурите и претежно преку организирани родителски средби, преку претставниците на родителите кои се во училишен одбор и преку индивидуални средби со наставниците и класните раководители. Родителите немат можност да влијаат на измени на план програмите на нивните ученици.Училиштето прави напори за подобрување на квалитетот на наставата. Во таа насока е видлива активноста на наставниците за изразување на потребите за континуирана обука преку посета на семинари за стручно оспособување.

За подготвување и осовременување на содржините во планирањата потребно е почесто да се одржуваат семинари за обука на наставниците насочени кон подготвување на поквалитетни наставни содржини по наставните предмети што ги реализираат во текот на воспитно образовниот процес. И покрај евидентираните семинари на кои учествувале наставниците, преовладува мислењето дека потребно е да се организираат семинари за поквалитетно планирање и обука за примена на современи методи и техники во реализацијата на содржините од наставните програми, нарочито за деца со посебни потреби, за која најмногу наставниците имат потреба.

Училиштето ретко покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми .

Влијанието на наставниците и на родителите во интегрирањето на еколошката програмата во годишната програма за работа на училиштето е добра.

### 1.3.Воннаставни активности

Воннаставните активности кои опфаќаат: априлијада, новогодишана приредба, организирање на хуманитарни акции, ден на гравот ,слободни ученички активности, следењето и унапредувањето на воспитно образовната работа и општествено, културната дејност, се застапени во содржините на Годишната програма на ООУ „Исмаил Ќемали „ с.Нераште , општина Теарце за учебната 2019/20 година.

Училиштето планира и ги реализира планираните воннаставни активности што служат за подршка на личниот и социјалниот развој на учениците. Но ваквите воннаставни активности се ограничени по вид и несекогаш ги одразуваат потребите и интересите на учениците.

Преку овие активности, истакнуваат во училиштето, учениците имаат можност за одговорно прифаќање на разликите на другите: полот, способноста, и социјалната припадност и истите потикнуваат позитивен став кон наставните предмети, учењето и наставата воопшто.

Во годишната програм за работа се планирани да се реализират слободни ученички активности за одделенска настава, передметна настава, литературна секција, еколошка секција, музичка секција,, секција за одбојка и фудбал.

Во Годишната програма за работа на училиштето за 2019/20 год. се одредени кои наставници ќе раководат со одредена секција. Преку реализација на овие активности се нуди широка можност за вклучување на ученици од различен пол и со различни способности. Воннаставните училишни активности во учебната 2019/20 год. се изведуваат преку следниве облици:слободни ученички активности, ученички натпревари, ученички екскурзии и општествено хуманитарна работа. И покрај планирањата на сите воннаставни активности училиштето се судрува со проблем во врска со реализацијата на истите. Одредени проблеми се од објективна природа, како на пример преоптовареноста на учениците со редовната настава од една страна, и немањето на соодветни просторни услови за реализација на одредени слободни ученички активности (на пример нема фискултурна сала но има адаптирана сала која не ги исполнува стандардите).

Во Годишната програма планирани се активности и реализацијата на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди

Исто така се планираат и изработуваат анализи на сосотојбата на животната средина и преземаат соодветни мерки за подобрување на истата.

Училиштето нема изградено политика за потикнување на учениците за учество на Општински, регионални државни ученички натпревари.

Во училиштето има регистрирано училишен спортски клуб.Училиштето реализираат воннаставни активности со етнички мешани групи со партнер училиштето ООУ" Гоце Делчев "–Штип.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1.Постигања на учениците

Во ООУ „Исмаил Ќемали „ с.Нераште , општина Теарце има комплетни податоци за постигањата на учениците по класификациони периоди, по наставни предмети , според поли и етничка припадност. Изготвени се полугодишни и годишни извештаи во кои има показатели за постигањата на учениците по паралелки.Училиштето презема доволни активности за надминување на разликите што се појавуваат во таквите ситуации во однос на подобрувањето на постигањата на учениците. Во училиштето наставата се одвива на албански наставен јазик.Според етничката структура на учениците сите се Албанци и тоа вкупно 238 ученици

Од показателите за постигањата на учениците по учебни години се констатира дека средниот успех на ниво на училиштето на крајот на учебната 2016/17 год. е 3.63. Во 2017/18 год. средниот успех на ниво на училиштето е 3.71. Во учебна 2018/19 год. среден успех на ниво на училиште е 3.80. Од анализата на успехот на паралелки од V одд. и VI одд. се воочува дека успехот се намалува при премин на учениците од одделенска во предметна настава **.**

Училиштето ги идентификува учениците кои имаат потешкотии во учењето. Постигањата на овие ученици се следаат од страна на наставниците и педагогот на училиштето. Во доволна мера се работи со истите.Се превземаат соодветни активности спрема нивните потреби и можности во текот на наставата.

Во училиштето се реализира дополнителна настава по сите предмети (за кои училиштето има посебен распоред за секој наставник) за кои учениците покажуваат интерес.Училиштето редовно ги следи постигањата на учениците при премин во средно образование и секоја година прави анализи со акциско истражување за постигањата на учениците при премин во средно образование.Се следат ученичките постигнувања и разликите кои се појавуваат во секоја учебна година при премин од одделенска во предметна настава и за појавените разлики се откриваат причините и се превземаат соодветни активности.

Во ОУ„Исмаил Ќемали„ с. Нераште се одржувале и натпревари и училиштето го усвоил првото место на Албански јазик во Општински натпревари.второ и трето место го усвоил во екологија.

Партнер училиште за Меѓуетничката интеграција е ООУ” Гоце Делчев” од Штип и иститеповремено организираат работилници и меѓусебна соработка.

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето располага со податоци за учениците кои ги опфаќа нивниот регион, и превзема конкретни активности за да ги опфати сите ученици од регионот.

Училиштето ги следи осипувањето на учиниците, врши анализи и превземените конкретни активност со родителите во врска со осипување на учениците и превзема активности за да го намали осипувањето. Во училиштето има мало зголемување на осипувањето на учениците од година во година а тоа се должи на преселување во друг регион или населено место, а дел од тие се иселуват со нивните родители во странство.

Училиштето прибира податоци за отсуствата на учениците, за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци на учениците, но активностите што ги презема за намалување на бројот на изостаноците не се засновани на анализа и незначително придонесуваат за зголемување на редовноста. Во учебната 2016/17 година бројот на изостаноците изнесува: оправдани 3200 и неоправдани 1186 изостаноци, или вкупно изостаноци во ниво на училиште се 4386 изостаноци. , во учебната 2017/18 година бројот на изостаноци изнесува: 2865 оправдани, и 1299 неоправдани, или вкупно 4164 изостаноци ,во учебната 2018/19 година бројот на изостаноци изнесува 3092 оправдани и 887 неоправдани изостаноци ,или вкупно 3979 изостаноци.

Според поведението во учебна 2016/17 год .241 ученик се со примерно поведение, во учебна 2017/18 год. 241 ученик се со примерно поведени и 3 ученици се со доро поведение, во учебна 2019/20 238 ученици се со примерно поведение.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.Во учебната 2019/20 година има 3 отпишани ученици, од ова училиште и наставата ја продолжиле да ја следаат во други училишта.

Стручната служба редовно врши советување на родителите и за тоа се води уредна документација.

## 2.3. Повторување на учениците

Според статистиките податоци односно Годишните извештаи за работата на училиштето нема ученици кои ја повториле годината.Училиштето има утврдени процедури,се превземаат активности од самиот почеток на учебната година, преку дополнителната настава, и други активности со цел на подобри постигања на учениците.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

Од страна на стручната служба извршени советувања на родителите чии ученици имат слаб успех (тие се 04 родители), советувања на родители чии ученици имат голем број на изостаноци(тие се 03 родители) и советувања на родителичии ученици имаат девијантни однесувања и тие се 04 родители).

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

.

Наставниците редовно и навреме ги изготвуваат годишните , тематските,тематско – процесните планирања во согласност со наставните планови и програми донесени од БРО. Наставниците изработуваат оперативни планови за час во кои планираат соодветни елементи за успешна организација и реализација на часот.

Во училиштето,има пропишан приод за планирање и утврдена процедура за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и педагогот на училиште. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и доставуваат до почетокот на учебната година. Оперативните планирања се следат континуирано и постојано се работи на нивно подобрување

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето. Во планирањата на наставниците има изработено критериуми за оценување и употреба на ИКТ во настава.Освен за наставните предмети, наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, воннаставни активности, дополнителна и додатна настава ,но во истите нема списоци на ученици.

Кај сите наставни предмети застапена е корелација. Во планирањата опфатени се сите воспитно образовни компоненти и се запазува временската рамка за реализација. Наставниците успешно ја спроведуваат и новата Кембриџ програма

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, од разговорите со поискусните наставници, наставници од други училишта и со поддршка од стручната служба. Наставниците од одделенска настава, тимски и заеднички ги изготвуваат наставните планирања по одделенија, при што посебно внимание се обрнува на интегрирање на наставните содржини по повеќе наставни предмети, а наставниците од предметна настава, индивидуално изработуваат тематско-процесни планирања.

Распоредот на часови се изготвува пред почетокот на учебната година од страна на директорот на училиштето. Исто така навремено се изработува и распоредот за додатна и дополнителна настава.При изготвувањето се зема предвид фондот на часови на секој наставник, наставници кои имаат настава и во други училишта, како и бројот на наставни часови по изборни предмети, почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот. Во училиштето функционираат следниве секции : литературна секција, еколошка секција, музичка секција, секција за одбојка и фудбал.

Сите наставници, во своите планирања имаат интегрирано еколошки содржини, според точките на акции од воспоставените еко-стандарди, согласно еколошката програма и содржини од проектот за Меѓуетничка интеграција. Во изминатиот тригодишен период учениците од училиштето учествувале на регионални и државни и натпревари. При тоа учениците ги освоиле следниве награди:на општинско натпревари училиштето го усвоил прво место на албански јазик, и второ и трето место во предметот екологија. .Исто така за Еко проектот –Рециклирање на отпад на регионалниот натпревар во 2019/20 година училиштето има освоено прво место.

## 3.2. Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација во ООУ „Исмаил Ќемали „ с.Нераште ,општина Теарце извршена е посета на сите наставници. Од посетените часови констатирано е дека, училниците ги исполнуваат стандардните нормативи во однос на просторот и основното опремување на истиот. Наставниот кадар е стручен и соодветен за организирање и реализирање на наставата. Сите наставниците имаа изготвено глобален и тематско планирање и користеа оперативен план за часот. Поголемиот број на наставниците користат разновидни наставни форми и методи, што соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.

Домашните задачите што се работат во училиште не секогаш се испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Наставниците користат ресурси и различни приоди за учење и настава. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата и истите ги применуваат при нејзина реализација. За реализација на наставниот процес се користат бесплатни одобрени учебници кои се доставени во училиштето.

Учебниците кои се примени се недоволно за сите ученици, дел од тие се стари и неупотребливи.

Наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се почитува. Наставниците користат позитивни приоди за да ги мотивираат учениците. Учењето во училницата е активно за поголем број на ученици, а на часовите има работна атмосфера, која е поизразена во одделенска настава.

Училиштето има интерна процедура (протокол) за следење на наставниот процес која нуди систематизираност и ефективност. Директорот на училиштето и педагогот го следат работењето на наставниците, имаат изготвено писмена процедура за следењето, посетите ги нотираат и водат посебна евиденција која се бележи во изготвен формулар за следење на час.

Сите наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без притоа да се прави разлика во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и нивната етничка припадност.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. При посета на часовите костатирани се разновидни форми и методи , најчесто на часовите за усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата, која се согледува преку користење на наставни ливчиња, решавање проблемски ситуации и слободна размена на мислење.

Редовно се планираат и реализираат современи наставни техники кои овозможуваат целосна вклученост на учениците и поттикнуваат критичко размислување. Најчесто се планираат разновидни форми на работа кои нудат интеракција не само на релација наставник - ученик, туку и интеракцијата на релација ученик-ученик. Учениците се изјаснија дека секој наставник дозволува поставување на прашања за она што не им е јасно.

Од проектот „Комјутер за секое дете“, во училиштето има добиено 71 работни места за компјутери и 67 ученички лаптопи. Училиштето располага со 53 функционални работни места за компјутери во предметна настава распоредени во 8 училници и еден кабинет по информатика. Наставниците посетувале обука за употреба на ИКТ во наставата и во планирањата имаат предвидено реализација на наставни единици со примена на ИКТ . Заради целосна реализација на наставните содржини со примена на ИКТ, редовно се користат функционалните компјутери и 7 ЛЦД-проектори и една интерактивна табла кои училиштето ги има дополнително набавено. Исто така во една училница наставникот од одделенска настава ја опремил училницата со компјутер,ЛЦД проектор ,принтер и фоткопир.

Преку реализација на проектот на Владата на РМ „Компјутер за секое дете“, создадена е можност учениците побрзо, полесно и на поинтересен начин да совладуваат дел од наставните содржини, преку поврзување и користење на веб страни, линкови и готови апликации кои вклучуваат критичко размислување при ученичко-подучувачките активности на учениците.

Компјутерите и целото училиште не се осигурани .

Вработените се обучени за примена на еколошки содржини во наставата. Училиштето има изготвено Програма и План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти со вклученост над 75% од точките на акции од воспоставените еко-стандарди. Училиштето интегрира еколошки содржини и има план за распоредување на наставниот и стручниот кадар за реализација на активностите од еколошката програма. Сите ученици се поттикнуваат да учествуваат во реализацијата на еколошката програма и се користат позитивни приоди за нивна мотивација.

Во програмата опфатени се четири ЕКО-стандарди: уреден еколошки двор, одржување на училишната зграда и здрава средина во училиштето, заштеда на електрична енергија и заштеда на вода.

Училиштето има формиран еко-одбор, организира еко-акции, има изготвено еко-кодекс и перманентно ги спроведува активностите предвидени со планот. Училиштето редовно се вклучува во еколошки акции организирани од локалната заедница .

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците се задоволни од атмосферата во училиштето, задоволни се од квалитетот на наставата и од начинот на кој се учи во училиштето. Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, често ги насочуваат каде треба да се подобрат, ги потикнуваат да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека училниците и другите простории во училиштето се соодветно уредени и потикнуваат интерес за учење. Трудовите на учениците се истакнуваат на видни места, во училниците и ходниците во училиштето , но според количината на сработени трудови иконографијата би можела да биде побогата.

Најголем дел од учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и да преземаат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Со реализацијата на еко проектот, односно точките на акција од воспоставените еко-стандарди, учениците преземаат одговорност и се подига свеста во поглед на штедење на природните ресурси и зачувување на природната средина.

Поголем број на ученици сметаат дека соработката со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка меѓу наставниците и учениците. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Во училиштето ученичката заедница добро функционира и активно е вклучена во реализација на повеќето проекти во училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Идентификувањето на проблемите на учениците во текот на наставната година се утврдува од страна на наставниците, но се следи и системски од училишниот педагог . Наставниот кадар ги индентификува и препознава образовните потреби и пречки во процесот на учење и превземаат активности за нивно отстранување. Во училиштето има ученици со посебни образовни потреби, и училиштето има формирано инклузивен тим. Во училиште има само еден ученик кој е категоризиран од стручна служба.

Најголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел учениците да научат најмногу што можат. Во оценувањето користат различни техники со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.

Наставниот кадар, стручната служба, техничкиот персонал и учениците се информирани и учествуваат во реализација на точките на акции од воспоставените еко-стандарди од еко-проектот.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Наставниците како од одделенска така и од предметна настава користат разни форми на сумативно и формативно оценување и следење на постигањата. Најчесто користени се: усна дискусија, презентации, писмени работи, чек листи, евидентни листови за следење на постигањата, листи за самооценување, листи за меѓусебно оценување, квизови и тестови на знаења. Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми и при нивно задавање се почитува оптетеноста на учениците.

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Критериумот на оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со чии цели учениците и родителите се целосно запознаени. Поголемиот дел од наставниците ги запознаваат учениците и родителите со стандардите и критериумите за оценување. Познавањето на

стандардите на оценување и приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.

Наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Најголем број наставници имаат политика на фер оценување, притоа не правејќи разлика помеѓу учениците по пол и социјален статус што придонесува за објективно отсликување на успехот на учениците по најголем број предмети.

Учениците добиваат повратна информација за нивните постигања во однос на стандардите. Се почитува пристапот за давање на можност за поправање на оценките во сите класификациони периоди. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за понатамошно планирање, организирање и реализирање на наставата. Оценувањето е јавно и транспарентно.

## 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите добро ги применува. Се врши прибирање информации за постигањата, напредокот и редовноста на учениците и на транспарентен начин ги известуваат родителите и учениците. Секогаш се даваат конкретни и детални препораки за подобрување на постигањата, особено на учениците со послаб успех, при што советодавно се вклучува училишниот педагог со одредени препораки.

Доследно се води евиденција при изрекување на педагошки мерки. До родителите редовно се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по квалификациони периоди, а може да се информираат и со Е-дневник кој наставниците го водат и редовно го ажурираат и родителите имаат пристап до него а редовно се известуваати преку електронски пораки.За успехот и постигнатите резултати се расправа на формално и неформално организирани поединечни или групни родителски средби.Мал дел од родителите се најавени на Е-дневникот и досегашното искуство дава позитивни резултати во следењето и целосната информираност на родителите

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Просториите во училиштето ООУ “Исмаил Ќемали”- с.Нераште се безбедни за изведување на воспитно-образовниот процес. Инфраструктурата во училиштето мебел, подови, прозори, струјните елементи и др. се безбедни и не претставуваат опасност од повреди за учениците. Во училишниот парк има детско игралиште на кое дел од опремата е нефункционална и преставува опасност од повреди за учениците .Училиштето има осигурителни полиси за осигурување за учениците и за вработените од Триглав осигурителна компанија и истата е со важност до 12.12.2020 год., додека училишниот објекти не е осигуран. Во училиштето постои дежурство од страна на наставниот кадар и има надзорна камера .За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации има план за евакуација и има изведено симулации за постапување во случај на елементарна непогода или друг вид на непогоди.

Училиштето има истакнато соопштенија и предупредувања на видни места за постапување во вакви ситуации. Од наставниот кадар има 1 наставник кој има завршено обука за давање на прва помош.Во училиштето, е забранет секаков вид на психичко и физичко малтретирање на ученици или било каков вид на нетрпение. Во училиштето постои Кодекс на однесување на учениците и на останатите структури во училиштето, и истиот е истакнат на соодветни места. Класните раководители имаат изготвено план со содржини за взаемно почитување и рамноправност на половите, како и план за штетното влијание на наркотични супстанци како што се пушење,алкохолизам,наркоманија и истите се забранети за внесување и употреба во училиштето. За ова посебно е задолжен стручниот соработник но и сите вработени наставници.

Во училиштето има знаци за забрана на пушење и забраната се почитува. Училиштето нема училишна кујна и нема организирана исхрана на учениците. Учениците се хранат од околните објекти за исхрана, но вработените немаат увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Во училиштето има ученици од социјално загрозени семејства. Има случаеви каде се потребни дополнителни вложувања во наставните и вон наставните активности, и за нив се обезбедува финансиска подршка од месното население како доброволни донации.

Училиштето има обезбедено 2 ПП апарати – чиј гарантен рок истекол на 26.02.2016 година Првиот кат на училишната зграда е на приземје и нема пристапна рампа за влез за лица со хендикеп.

## 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Ходниците и санитарните простории се чистат повеќе пати во денот додека прозорите вратите и мебелот поретко.Двоpоpот на училишниот објект е чист и добро холтикултурно уреден. Во секоја училница, ходниците и дворот има корпи од секаков вид на отпадоци. На почетокот на учебната година извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција на училишниот простор. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитерната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.

Во училиштето се извршени редовни систематски прегледи за учениците а за вработените се извршени во ПЗУ Натура Медика -с.Џепчиште на 13.09.2019 год. Исто

така се организираат предавања за заштита од заразни болести, како и превентива против можни хронични или друг и заболувања..

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето преку стручниот соработник и одделенските раководители им даваат информации на учениците за нивната професионална ориентација односно нивното понатамошно образование. Училиштето планира и организира активности од таков вид во соработка со средните училишта од регионот.

Педагогот во училиштето изработува програма за работа, во која се предвидува подршка во социјалната, когнитивната и емотивната сфера. Се работи советувачки, советодавно и се организираат работилници.Работилници се реализираат според планираното во годишната програма. Во училиштето функционира и мобилен дефектолог кој доаѓа во училиштето еднаш во неделата..

## 4.4. Следење на напредокот

Класните раководители и наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина. Наставниот кадар покрај дневникот за евиденација на наставата води и е-дневник. Класните раководители постигнувањата на учениците ги евидентираат во дневникот на паралелката, е-дневникот,евидентни листови, и главните книги. Постои добра соработка помеѓу одделенските раководители,стручниот соработник и директорот на училиштето. Во поголемиот број случаи интересот на родителите за постигањата учениците е на задоволително ниво.

Во училиштето постојат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни на увид на стручните соработници, директорот на училиштето, наставниот кадар во училиштето, родителите и учениците и истите се користат за подобрување на успехот на учениците.

# 5.Училишна клима

## 5.1Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите во училиштето е добра. Односот меѓу учениците е на задоволително ниво и се базира на взаемно почитување и помагање, почитувањето меѓу учениците од ист и од различен пол ,од различно потекло,различен социјален статус.Односот меѓу наставниците и учениците или поточно релацијата наставник-ученик, ученик-наставник, наставник- родител, родител-наставник, и наставник -наставник се почитуваат иако во инцидентни случаи се забележува отстапување од ваквото однесување.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата припадност и мултикултурализмот и има подеднаков третман на учениците со различни способности. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Поголем број од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што го потврдиле во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување и истите се почитуваат,има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата од Кодексите. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и вонаставните активности.Поведението на учениците споредбено за три години е примерно, освен 3 ученика кои имаат поведение добар Дисциплината на учениците во училиштето е добра, во поедини случаеви училиштето презема педагошки мерки за нередовноста на учениците и непримерно однесување за време на наставата.

Според планот на активности за реализација на еко стандардите, учениците активно се вклучени во реализација на точките на акција од еко-стандардите кои се однесуваат на чистење и одржување на училишната зграда и дворот, во собирањето и селектирањето на сметот, заштедата на електричната енергија, водата и друго. Исто така, учениците се активно вклучени во реализирање на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието со партнер училиште ООУ” Гоце Делчев”- Штип.

Училиштето има формирано ученички парламент и тој придонесува за решавање на проблемите и донесување на одлуки што се од непосреден интерес за учениците.Училиштето е отворено за соработка со локалната власт, со родителите, кои често го посетуваат училиштето.Во училиштето постои соработка меѓу вработените ,учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес.

## 5.2 Промовирање на постигањата

На постигањата на учениците се посветува внимание.На наставнички ,одделенски совет,стручни активи,родителски средби и патрониот празник се промовират личните постигања на ученици (доделување на пофалби за освоени награди, дипломи, признанија).На крајот на секоја учебна година во училиштето се промовира ученик на годината кој се наградува со книга и пофалница од училиштето .Изборот се врши на Наставнички совет според критериумите за избор на ученик на генерација според пропишана процедура.

Училиштето има политика на поттикнување и наградување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво како и нивно наградување со пофалници за постигнатите резултати.

Постигањата на учениците односно добиените пофалби и награди, но истите не се поставени на видно место во училиштето со цел сите да бидат запознаети со постигнатиот успех.
Училиштето презема активности за информирање и вклучување на пошироката заедница на реализација на еколошката програма.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознати со правата на децата и можат да препознаваат случаи на нивно нарушување. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и се залага да обезбеди еднакви услови за учење и за реализација на воспитно-образовниот процес .Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи.

Училиштето има еднаков третман кон сите ученици. Во училиштето во разни активности се вклучуваат сите ученици. Училиштето не прави разлики по ученици и по оделенија , по социјална припадност туку сите заедно еднакви се чувствуваат во сите активности што ги организира училиштето.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата ,без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Соработката на училиштето со родителите и локалната заедница е добра.Родителите учествуваат во работата на органите на училиштето преку Совет на родители, преку Училишниот одбор.Има примери на вклученост на родителите преку организирани собирни акции и работилници.

Соработката со родителите се реализира преку разговори со класните родители на најмалку две родителски средби во едно полугодие а има и примери на закажани индивидуални родителски средби.Родителите преку класните раководители, класните совети, индивидуалните средби,е-дневник, и сл. редовно се информирани за состојбата на училиштето, учениците , успехот за нивните деца и сл.Училиштето има соработка со локалната заедница, преку нивниот претставник (во Училишниот одбор има еден член од локалната заедница ) кои ги пренесуват ставовите на училиштето до локална заедница и обратно.

Соработка на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма е добра.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Дејноста во ООУ “Исмаил Ќемали” с.Нераште на училиштето се реализира во една училишна зграда од тврд материјал која добро се оджува.Во училиштето вкупната површина на училишен простор изнесува 1120 м2 и спортски терени од 220м2.Училишниот двор е со вкупна површина од 900 м2 Училиштето е обезбедено со парно греење на нафта.

Санитарните јазли со кои располага училиштето се во добра состојба и хигиената добро се одржува.. Училишниот објект е приклучен на електрична прежа,водоводна мрежа и канализација. Во однос на безбедноста на вработените и учениците, училишниот објект претставува безбеден работен амбиент и има громобранска инсталација , 2 ПП апарати – чиј гарантен рок истекол на 26.02.2016 година но нема хидранти.Училиштето има План за евакуација во случај на елементарна непогода и има извршено симулација за постапување при елементарна непогода.Училишниот простор односно,училничкиот простор, ги исполнува условите за изведување настава според пропишаните стадарди. Училиштето располага со 9 училници,1 кабинет по информатика и адаптирана просторија за изведување на наставата по физичко и здраствено образование.Користејќи ги расположивите просторни капацитети,училиштето постигнува да ги реализира наставните и вонваставните активности.Училиштето отстапува простор и за загишување на деца во предучилишна возраст- градинка Младост од Тетово, но нема склучен договор со истата.

Просторниот капацитет овозможува реализација на точките на акција опфатени со Еко-проектот. Активностите во поглед на воспоставените стандарди се спроведуваат согласно планираната динамика за реализација на Еко-проектот.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Со наставни нагледни средства и други технички помагала училиштето делумно ги исполнува потребите,иако секоја година се прави план за опремување..
За исполнување на потребите за наставни средства и помагала,училиштето има план за обезбедување на нагледни средства, но нема можност за нивно континуирано обновување. Секоја година се прават напори за нови набавки според финансиските можности. Од наставни помагала училиштето располага со 9 ЛЦД проектори кој се сместени во секоја училница, 25 работни места на комјутери во кабинетот по информатика,66 мали лап топ компјутери , 1 паметна табла , географски карти и спотски реквизити кои не ги задоволуваат потребите.

Библиотеката на училиштето има вкупно 9837 книги од кои 1233 лектирни изданија а останатите се енциклопедии,стручна литература и белетристика и истате се сместена во добро уредена библиотека со читална. Книжевниот фонд на библиотеката според јазик на издавање е на македонски јазик 681 книги,на албански јазик 1370 а има и 178 книги на англиски јазик.. Во училиштето има библиотекар и библиотечната евиденција се води и со компјутерска програма.

Потребните потрошни материјали за реализација на наставните и вонваставните активности училиштето уредно и во доволна мера ги набавува иако има ограничени финансиски можности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно според потребите со договорни постапки.

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Дејноста на училиштето се реализира согласно Настанитте планови и програми кои се реализираат од страна на наставници со соодветни професионални компетенции (во училиштео има 1 приправник).Во реализацијата на наставата се вклучени 24 наставници од кои 11 мажи и 13 жени, училишен педагог ,мобилен дефектолог и директор .Во училиштето има уште 7 наставници кои се вклучени во наствата но кои имаат други матични училишта. Од наставниците 21 се вработени на неопределено работно време и 3 на определено време. По вид на образование 6 наставници се со више образобвание и 18 наставника се со високо образование. Според возраста 4 наставника се од 20 -30 години,6 наставника се од 31-40 години ,5 наставника се од 41-50 години ,12 наставника се од 50=60 години а 7 наставника се над 61 годишна возраст.По етничка припадност сите наставници се со албанска национална припадност.При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова или друга дискриминација.

Наставниците поседуваат стручна подготовка согласно одредбите од Законот за основно образование и Нормативите за наставен кадар, Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно-образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во рамки на обуките на МОН и БРО. Во училиштето има 2 наставници кои се специјализирани за работа со деца со посебни образовни потреби а во училиштето има 1 ученик со посебни образовни потреби и 5 ученика со потешкотии.

Реализацијата на распоредот за работното време се следи од страна на директорот на училиштето.Вработените го почитуваат работното време. Во случај на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена или се менува распоредот за пополнување на празните часови.

За стручна подршка на наставниците во училиштето има вработени стручни соработници (педагог) кој врз основа на нивната програма за работа која е во состав на Годишната програма на училиштето, континуирано на наставниците им овозможува административно-стручна и советодавна подршка. Исто така, стручната служба советодавно работи со учениците и родителите. Во рамки на нивните стручни компетенции,стручниот соработник дава подршка и за ученикот со посебни образовни потреби а секој понеделник во училиштето доаѓа и мобилен дефекторлог.

Наставниците и стручната служба на училиштето активно се вклучени и во реализација на еколошката програма/ Еко-проектот и секој наставник во своето планирање има еколошка програма и еко-содржини.

## 6.4. Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Во текот на наставната година директорот и стручниот соработник ја следат работата на наставниците преку нивните посети на часови и други планирани активности и наставницте се посетени еднаш во годината.При тоа се врши и идентификување на потребите на наставниците за стручно усовршување . Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Наставниците укажуваат на потребата за учество повеќе обуки кои ќе соодветствуваат на нивните потреби за стручно усовршување и кои ги реализираат акредитирани организации и Бирото за развој на образованието.Од страна стручните соработнци ,професионалниот напредок на наставниците стекнат преку реализација на обуките,уредно се следи и се евидентира во досиејата за професионален развој на наставниците.

## 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Постапките за финансиското работење што се спроведуваат во училиштето се во согласност со законските прописи. Училиштето ги планира финансиските средства и врши правично распоредување според потребите.Финансиските средства се планирани за задоволување на тековните потреби како и за потребите кои обезбедуваат развој на училиштето во целина. Директорот на училиштето спроведува постапки кои обезбедуваат финансиското работење да биде добро спроведувано и контролирано.

Училиштето спроведува транспарентни постапки за трошењето на училишниот буџет, ги информира училишните органи, родителите и основачот за училишниот буџет и трошењето на истиот. Раководниот кадар го консултира училишниот одбор, основачот и наставниот кадар за прашања кои обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределбата на финансиските стредства, но буџетските средства на училиштето не доволно ги отсликуваат образовните цели на училиштето.

# 7. Управување и раководење со училиштето

## 7.1.У правување/раководење со училиштето

Управувањето и раководењето на училиштето **е добра.**

Конституирањето и работата на Училишниот одбор е во согласност со одредбите од Законот за основното образование и Деловникот за работа на овој управен орган.Составот на УО е доведен во согласност со одредбите од новиот Закон за основното образование(„Сл.весник на РСМ“,бр.161/2019г.).Редовноста на надворешните членови(претставници на родители на учениците,на основачот и на МОН)на УО на состаноците **задоволува.**Комуникацијата и разбирањето помеѓу директорот и Училишниот одбор, **е добра.**

И во наредниот период останува предизвик за потребата улогата на Училишниот одбор во креирањето на раководната и управувачката политика на училиштето да рефлектира самостојност во однос на дневната партиска политика и и вршење свое влијание врз основачот на училиштето.

Статутот на училиштето е донесен согласно законаската регулатива.Усогласувањето на другите акти на училиштето со одредбите од новиот Закон за основното образование и со Законот за наставниците и стручните соработници во осноцните и средните училишта(„Сл.весник на РСМ“,бр.161/2019г),е во тек.

Постапката за изборот на директорот на училиштето е извршена според уредна пропишана законска процедура.

Програмата за работата на директорот е содржајна.И за наредниот период на раководењето останува задача на директорот повеќе да го реализира планираниот педагошко- советодавен надзор и стручната подршка за наставниот кадар ,со редовна посета на часови.

Соработката на директорот со основачот, МОН(ДПИ и БРО),со Локалната самоуправа,другите органи и служби е добра.Соработката и комуникацијата на директорот на училиштето со Училишниот одбор,Советот на родителите и пошироката локална средина , е добра.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Во Годишната програма на училиштето, Целите и задачите се дефинирани во согласност со државната и локалната образовна политика.За реализација на целите ,се потребни подобри услови,преди се материјално –финансиски,технички .

Училиштето постапува според одредбите од новиот Закон за основното оберазование во однос на инклузијата на децата со ПОП.Пропишаните прилагодени планирања за учениците со посебни потреби како и за категоријата талентирани ученици уредно се изготвени но,потребно е уредно и да се спроведуваат.За учениците со посебни образовни потреби на пример,не ма пристапна рампа за влегување во училишната зграда.

Вон наставните и другите активности,особено натпреварите(меѓу училишни,општински,меѓуопштински и други натпревари)уредно се планираат и организираат согласно можностите,потребите и склоностите на учениците но,поради ограничените финансиски можности на училиштето,има случаи кога учеството во нив не се овозможува.За ваквите состојби треба да почувствуваат одговорност и соодветните служби за образованието,во рамки на основачот.

Наставниците,родителите и учениците се запознаени со целите и вредностите на училиштето.Нивната заедничка соработка и ангажираност за подобри постигања, потребно е да биде на повисоко ниво.

Од анкетирањата на родителите и на учениците произлегува дека во училиштето има по некоја појава на телесно малтретирање на ученици, од страна на одредени наставници.

## 7.3 Развојно планирање

Мисијата, визијата и вредностите на училиштето се отсликиуваат во Развојното планирање.Училиштето има акциски планови за поставените цели и план за следење и евалуација на реализација на активностите и постигањата на поставените индикатори за успешност.

**Училиштето има политиката за професионален развој на наставниците и стручните соработници која во главном кореспондира со соработката со Бирото за развој на образованиео.За исплонување на потребите за континуиран професионален развој на наставниците потребни се финансиски средства кои училиштето не може да ги обезбедува од сопствениот буџет.**

Училиштето ги планира материјално техничките средства но планирањето потешко го реализира,поради ограничените финансиски можноисти.

Училиштето по потреба, бара средства од локалната и деловната заедница за подобрување на инфраструктурата на училиштето.Евидентни се донациите кои се стекнале врз основа на добриот однос и соработката на директорот со локалната средина.

Училиштето има изготвено Самоевалуација бр.03-61/1 од 22.03.2019 год и Програма за развој бр. 03-48/1 од 25.01.2016 год.

# Наоди и препораки

## Јаки страни

- Наставата се реализира во добри ,оптимално рационализирани и користени просторни услови .
- Добра клима во училиштето.
- Сите ученици што ја следат наставата,успешно ја завршуваат годината .
- Општиот успех на учениците бележи пораст.
- Добра инклузија.
- Добар интерес на наставниот кадар за стручно усовршување.
- Училиштео има Програма за мултиетничка интеграција во образованието и постапува според неа.
- Добро раководење со училиштето.
- Наменско користење на буџетот на училиштето.

## Слаби страни

- Недоволни наставни нагледни средства и технички помагала по повеќето наставни предмети за современа настава.
- Недоволна употреба на расположивата ИКТ во наставата
- Недоволен број на лектирни изданија и друга стручна литература во библиотека.
- Дотраеност на учебниците и ненавремена нивна достава..
- Училиштето нема фискултурна сала каде се изведува предметот физичко і здравствено образование.
- Катастарски неутврдена сопственост на училишниот двор односно,на целата површина во која сега се наоѓа училиштето.
- ПП апаратите не се навремено сервисирани.

## Препораки

- Да се изготви програма со цел опременост со наставни нагледни средства,набавување на доволен број на лектири и други стручни и литературни изданија во училишната библиотека;
- ИКТ и другите наставни срдства со кои располага училиштето,да се употребуваат соодветно на потребите на учениците за современ наставен процес.
- Училиштето да се обрати писмено до надлежните орган на МОН,со цел изнаоѓање на решение за дотраените учебници.
- Да се превземаат мерки кои се во можност на училиштето и заедно со основачот на училиштето за надминување на потешкотиите во катастарското утврдување на сопственоста на дворот на училиштето.
- Да се превземаат против-пожарни и други технички безбедносни мерки-да се сервисираат ПП апаратите.

| | |
|---|---|
| Раководител на инспекцискиот тим | Јашар Касами |
| член, Инспектор | Хисен Ибрахими |
| Член , Инспектор | Климентина Трпчевска |